Софија АРНАУДОВА[1]

УДК: 159.923.2

# ЕМОЦИОНАЛНО ВРЕДНОСНИТЕ АСПЕКТИ И ЕТНИЧКИТЕ СТЕРЕОТИПИ КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИ ОД МАКЕДОНСКА И АЛБАНСКА ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

***Кратка содржина***

*Истражувањето има цел да утврди каква е поврзаноста на етничките стереотипи со емоционално вредносните аспекти од сликата за себе (себепочитувањето и себеприфаќањето) кај средношколци од македонска и албанска етничка припадност. Истражувањето е извршено на пригоден примерок од 251 средношколец од трета година од македонска и албанска етничка припадност. На сите испитаници зададени им се Озгудовиот семантички диференцијал за прибирање податоци во врска со етничките стереотипи за осум етнички групи и Инвентар за мерење на себепочитувањето, Скала за мерење на себеприфаќањето.*

*Податоците се обработени со статистичкиот пакет СПСС-11 (Statistical Package for Social Sciences-11). Врз основа на добиените резултати можат да се извлечат следните заклучоци:*

- *средношколците Македонци кои имаат повисоко себепочитување и себеприфаќање покажуваат поизразена тенденција за позитивно оценување на својата идругите етнички групи (Албанците);*
- *кај средношколците Албанци без оглед на степеност на себепочитување и себеприфаќање не постојат статистички значајни разлики во поглед на автостереотипите и хетеростереотипите.*

***Клучни зборови:*** *ЕТНИЧКИ СТЕРЕОТИПИ, ЕМОЦИОНАЛНО ВРЕДНОСНИ АСПЕКТИ, СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ, СЕБЕПРИФАЌАЊЕ, ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ.*

Секој од нас има сопствено доживување за сопствените односи со средината, знае кому му припаѓа и кој нему му припаѓа, какви објекти поседува, што од него се очекува, какво е неговото место во семејството, помеѓу врсниците, пријателите. Овие сознанија се

интегрирани во еден посебен, автентичен и релативно траен психички ентитет, односно во „сликата за себе или сопственото јас - self-concept". На нашето однесување значајно влијание има нашето мислење за себе и мислењето на другите за нас. Затоа, во процесот на осамостојувањето и градењето на сопствената зрела, независна и одговорна личност, секој се дефинира себе си во поглед на неколку прашања: кој сум, каде припаѓам, што можам, што смеам, што сакам да постигнам, каков би сакал да бидам, а одговорите на овие прашања ќе зависат од комплексниот сплет на околности, под влијание на универзално-биолошките, индивидуално-психолошките и многубројните социо-културни фактори.

Нашата држава е етнички хетерогена. Популацијата од над два милиони жители ја сочинуваат 64.18 % Македонци, 25.17% Албанци, 3.85% Турци, 0.48% Власи, 1.78% Срби, 2.66% Роми и 1.88% други (Статистички податоци на Р.Македонија, 2004). Најзабележливи внатрешни тензии се присутни меѓу двете најголеми етнички групи: етничките Македонци и етничките Албанци. Етничката тензија меѓу нив најотворено се манифестира во политичката сфера, но, директно или индиректно влијае скоро на сите сфери од секојдневниот живот.

Етничките стереотипи се релативно ригидни и трајни сфаќања, или верувања, со кои на одредени национални групи им се припишуваат одредени особини. Доколку вака дефинираните стереотипи се однесуваат на сопствената нација станува збор за автостереотипи, а во спротивно се работи за хетеростереотипи. Според согледувањата на повеќето истражувачи во ова подрачје може да се резимира, како што тоа го направил Пенингтон (Pennington, 2001, стр.119), дека стереотипите се карактеризираат со три особини: **а)** луѓето се категоризираат според многу *видливи карактеристики* како што се расата, полот, националноста, физичкиот изглед итн. **б)** на сите членови од таа категорија или група им се припишуваат *исти карактеристики*, и **в)** на било која индивидуа која се перцепира дека ѝ припаѓа на таа група ѝ се припишуваат *тие* стереотипни карактеристики.

Формирањето на стереотипите е под влијание на повеќе, взаемно поврзани фактори, како што се: а) **социјалната категоризација**, б) **привидната корелација** и в) **субкатегоризацијата.** (Brehm et al., 2002)

Во најширока смисла на зборот под поимот слика за себе, се подразбира „тоталитет на сите знаења, сфаќања и чувства за себе

си, специфична композиција на сите описи за себе (вербални, сликовни, и др), кои суштински се поврзани со вредносниот себеопис, пред сè, со себепочитувањето и себеприфаќањето". (Такашманова-Соколовска, 1998, стр. 82)

Себепочитувањето (self-esteem) и себеприфаќањето (self-acceptance) се компоненти на сликата за себе кои се емоционално-вредносни аспекти на сликата за себе, кои пак се важни за вкупната организираност на сликата за себе.

Според Такашманова-Соколовска (1998) себепочитувањето е знак дека личноста себе се смета за вредна, способна да се бори со животните препреки и да постигнува успеси. Повисоко себепочитување води кон повеќе оптимизам, надеж, енергичност, иницијативност, верување во својата ефикасност и чувство за контрола врз сопствената судбина.

Себепочитувањето и себеприфаќањето се високо поврзани, а некои истражувања покажуваат линеарна корелација. Тие во однесувањето на личноста се рефлектираат испреплетено, па од тие причини е важно поимно да се разграничат. Себеприфаќањето најчесто се објаснува преку расчекорот меѓу реалната и идеалната слика за себе, земајќи ја при тоа дискрепанцата како инверзна мерка на себеприфаќањето.

Себепочитувањето е производ на разни емоционални реакции спрема себе, кои зависат од актуелните животни случувања, што значи дека себепочитувањето повеќе ја одредува реалната слика за себе, а себеприфаќањето зависи од тоа во каков однос е реалната со идеалната слика за себе. Високото себе-почитување и себеприфаќање директно се поврзани со тоа во која мера сликата за себе е позитивна.

Истражувања од емоционално-вредносните аспекти и етничките стереотипи спровеле Фајн и Спенсер (Fein & Spencer,1997; Asato, 2002) кои констатирале дека субјектите на кои им недостига себепочитување со цел да ја подобрат сликата за себе се склони да ѝ наштетат на стереотипизираната група. Оваа и други студии спроведени од истите автори, придонеасоа за стекнување на значајни сознанија за односот меѓу стереотипите и предрасудите од една страна, и сликата за себе и за другите, од друга страна. Уште повеќе, тие илустрираат како процесот на поддршка на сликата за себе придонесува за интернализирање на стереотипите и предрасудите за другите луѓе.

Оттаму, проблемот што се истражува во овој труд е да се утврди поврзаноста на етничките стереотипи со себепочитувањето и себеприфаќањето на личноста.

## МЕТОД

Истражувањето има неколку цели:

- Да се утврди ***структурата на сликата за себе*** кај средношколците од македонско и албанско етничко потекло;
- Да се утврдат ***релациите на етничките стереотипи и себепочитувањето*** кај средношколците од македонско и албанско етничко потекло;
- Да се утврдат ***релациите на етничките стереотипи и себеприфаќањето*** кај средношколците од македонско и албанско етничко потекло.

### Хипотези

Во истражувањето беа поставени следниве хипотези:

**1.** **Постои поврзаност меѓу етничките стереотипи кај средношколците и себепочитувањето.**

**1.1.** Средношколците од македонско етничко потекло кои имаат ниско себепочитување покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Албанци).

**1.2.** Средношколците од албанско етничко потекло кои имаат ниско себепочитување покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Македонци).

**1.3.** Средношколците од македонско и албанско етничко потекло кои имаат високо себепочитување покажуваат позитивни стереотипи кон својата етничка група.

**2.** **Постои поврзаност меѓу етничките стереотипи кај средношколците и себеприфаќањето.**

**2.1.** Средношколците од македонско етничко потекло кои имаат ниско себеприфаќање покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Албанци).

**2.2.** Средношколците од албанско етничко потекло кои имаат ниско себеприфаќање покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Македонци).

**2.3.** Средношколците од македонско и албанско етничко потекло кои имаат високо себеприфаќање покажуваат позитивни стереотипи кон својата етничка група.

***Варијабли***:

- **Етнички стереотипи** - Под етнички стереотипи се подразбираат релативно упростени и ригидни сфаќања за особините на некоја етничка група.

Во овој труд, анализата на етничките стереотипи е операционализирана во рамките на овие три димензии: **евалуација** (***добри-лоши***), **потенција** (***силни-слаби***), **активност** (***активни-пасивни***).

- **Себепочитување** - претставува емоционално-вредносен аспект од сликата за себе кој е знак дека личноста себе си се смета за вредна, способна да се бори со животните препреки и да постигнува успеси. Повисок скор постигнат на инвентарот на Куперсмит (Coopersmith Self Esteem Inventory), на целиот инструмент и на поединечните субскали (*Општ однос кон себе си, Социјално-јас и врсниците, Дом-јас и родителите* и *Училиште-јас како ученик*), се толкува како индикатор за повисоко себепочитување. Себепочитувањето повеќе ја одредува реалната слика за себе.
- **Себеприфаќање** – претставува емоционално-вредносен аспект од сликата за себе кој зависи од тоа во каков однос е реалната со идеалната слика за себе. Скорот добиен за себеприфаќањето, теоретски имплицира дискрепанца меѓу реалната и идеалната слика за себе. Повисокиот вкупен скор добиен на Фипипсовата скала претставува индикатор за повисоко себеприфаќање.

***Испитаници***

Истражувањето е извршено на пригоден примерок на средношколци од трета година чиј вкупен број е 251 испитаник. Испитаниците се од две средни училишта од Скопје: ДСУ“Цветан Димов“ (89 ученици, од четири паралелки од кои две на македонски наставен јазик и две на албански наставен јазик) и ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов“ (162 ученици, од четири паралелки од кои две на македонски наставен јазик и две на албански наставен јазик). Примерокот го сочинуваат вкупно 124 Македонци и 127 Албанци.

### *Инструменти*

За прибирање на податоци во врска со *етничките стереотипи* користена е една варијанта на Озгудовиот семантички диференцијал, која е преземена од истражувањето на Петроска-Бешка и соработниците (1998). Тоа е листа од 16 парови придавки претставени со нивните позитивни и негативни крајности, кои се проценуваат на скала од седум степени (3 за различни нивоа на прифаќање на позитивниот пол на придавката, 3 за негативниот и 1 за неутрална процена на биполарната придавка). Концептите што се вреднува со овој инструмент беа осум етнички групи: Македонци, Албанци, Турци, Грци, Бугари, Срби, Американци и Руси.

Според барањата на Озгудовиот семантички диференцијал, листата од 16 придавки што го сочинуваат инструментот е групирана во три биполарни димензии, кои ги проценуваат концептите од аспект на вреднување (евалуација), моќност (потенција) и активност. Следствено на тоа, основната анализа и презентација на резултатите е направена во рамките на овие три димензии:

- **вреднување (*евалуација*):** добри-лоши, алтруисти-егоисти, друштвени-недруштвени, љубезни-сурови, искрени-неискрени, успешни-неуспешни, интелигентни-неинтелигентни, помирливи-кавгаџии.
- **моќност (*потенција*):** силни-слаби, строги-попустливи, храбри-плашливи, маженствени-женствени.
- **активност:** активни-пасивни, избувливи-смирени, со предумисла - без предумисла, тешки-лесни.

***Себепочитувањето*** е мерено со Куперсмитовиот инвентар (Coopersmith Self Esteem Inventory). Овој инвентар содржи 46 тврдења кои се групирани во четири субскали:

– *Општ однос кон себе.* Содржи 22 тврдења што се однесуваат на задоволството со своите особини и животни околности.

– *Социјално-јас и врсниците.* Составена е од 8 тврдења што се однесуваат на задоволството поради прифатеност од врсниците.

– *Дом- Јас и родителите.* Ја сочинуваат 8 тврдења што се однесуваат на задоволството поради прифатеноста од родителите и квалитетот на односите со нив.

– *Училиштe-јас како ученик.* 8 тврдења за себедоживувањето во врска со училиштето и учењето

*Себеприфаќањето* е мерено со Филипсовата скала за себеприфатеност (Phillips Scale for measuring the degree of self-acceptance). Според авторот на оваа скала, скорот добиен за себеприфаќањето, теоретски имплицира дискрепанца меѓу реалната и идеалната слика за себе. Скалата содржи 21 тврдење, а бројот на освоените поени се движи од минимум 21 до максимум 105. *Повисокиот вкупен скор на скалата претставува индикатор на повисоко себеприфаќање.*

## РЕЗУЛТАТИ [1]

### Поврзаност на етничките стереотипи и сликата за себе

Каква слика за себе имаат средношколците Македонци и Албанци во однос на емоционално - вредносните аспекти?

Во Табела 1 во првата колона, прикажаните постигнувања се однесуваат на општиот однос кон себе (скор од субскалата „општ однос кон себе“, кога себепочитувањето се мери во врска со сопствените особини и животни околности). Во втората колона, презентираните резултати се однесуваат на себепочитувањето во врска со врсничките интеракции (скор од скалата „јас и врсниците“). Во третата колона, резултатите се во врска со себепочитувањето, како резултат на доживувањата на испитаниците на сопствените интеракции со родителите (скор од субскалата „јас и родителите“). Резултатите што се однесуваат на себепочитувањето на испитаниците во врска со училиштето (скор од субскалата „јас како ученик“) се прикажани во четвртата колона. Во петата колона, дадени се постигнувањата на испитаниците во врска со себепочитувањето во целина, добиено како вкупен скор (од сите субскали) на Куперсмитовиот инвентар. Во последната колона се прикажани постигнувањата во врска со себеприфаќањето, мерено со Филипсовата скала.

---

[1] Резултатите прикажани во трудот се преземени од Дипломската работа на авторот („*Етнички стереотипи и емоционално-вредносни аспекти од сликата кај себе кај средношколците од македонско и албанско етничко потекло*“) одбранета на Институтот за Психологија, Филозофски Факултет-Скопје, под менторство на проф. д-р. Михајло Поповски.

Воопшто земено, себепочитувањето и себеприфаќањето кај испитуваните средношколци се покажаа релативно позитивни, односно високи. Сите просечни постигнувања се повисоки од теориските аритметички средини. Ако се набљудуваат резултатите во колоните 2, 3 и 4 од истата табела ќе се забележи дека и кај македонските и кај албанските средношколци најниско себепочитување се јавува кога испитаниците се себевреднуваат во врска со училиштето (јас како ученик). Нешто повисоко себепочитување покажуваат во врска со родителите, а највисоко во врска со врсниците.

Двете споредувани групи средношколци статистички значајно се разликуваат во поглед на постигнувањата на субскалата „јас и врсниците“ ($t(249)=2.806$ $p<0.05$), вкупниот скор на себепочитување ($t(249)=2..322$ $p<0.05$) и во однос на скорот за себеприфаќање ($t(249)=2.346$ $p<0.05$). Сите утврдени статистички значајни разлики се во прилог на македонските средношколци.

Анализата на односот меѓу етничките стереотипи и емоционално-вредносните аспекти од сликата за себе направена е преку тестирање на разликите меѓу екстремните групи во однос на себепочитувањето и себеприфаќањето. За горна група беше сметана групата што ја сочинуваат 25% од вкупниот број на ученици од одредена етничка група кои постигнале највисоки скорови, а за долна група е сметана групата што ја сочинуваат 25% од вкупниот број на ученици од одредена етничка група кои постигнале најниски скорови.

Со оваа статистичка проверка беше испитано дали учениците кои се наоѓаат во долната група, односно имаат најниско себепочитување и себеприфаќање, покажуваат значајни разлики во етничките стереотипи (автостереотипи и хетеростереотипи) во споредба со оние кои се наоѓаат во горната група, односно оние кои имаат највисоко себепочитување (заеднички скор) и себеприфаќање.

**Табела 1.** Значајност на разлики во емоционално-вредносните аспекти кај испитаниците Македонци и Албанци

| | себепочитување | | | | | себеприфаќање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **споредувани групи** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| | | | | | | |
| **теориска М** | 11.00 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | 23.00 | 52.50 |
| | | | | | | |
| **N=124 (Македонци)** | | | | | | |
| **М** | 15.69 | 6.97 | 6.10 | 5.98 | 34.73 | 76.85 |
| **σ** | 3.49 | 1.18 | 1.40 | 1.64 | 5.57 | 10.88 |
| | | | | | | |
| **N=124 (Албанци)** | | | | | | |
| **М** | 14.88 | 6.54 | 6.10 | 5.69 | 33.22 | 74.00 |
| **σ** | 3.11 | 1.21 | 1.04 | 1.43 | 4.73 | 8.24 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **т** | 1.945 | 2.806 | 0.006 | 1.458 | 2.322 | 2.346 |
| р | >0.05 | <0.05 | >0.05 | >0.05 | <0.05 | <0.05 |

*Легенда*
Себепочитување:
1 - Општ однос кон себе си
2 - Социјално-јас и врсниците
3 - Дом-јас и родителите
4 - Училиште-јас како ученик
5 - Општ скор

## Етничките стереотипи и себепочитувањето

Во продолжение е претставен табеларниот приказ на разликите помеѓу екстремните групи на средношколците во однос на себепочитувањето (Табела 2, за Македонците и Табела 3, за Албанците). Од резултатите прикажани во Табела 2, се забележуваат разликите меѓу средношколците Македонци со различно ниво на

себепочитување во однос на нивните стереотипи кон Албанците. Тестирањето на разликите во нивото на себепочитување и етничките стереотипи е направено на средношколци чии резултати на себепочитување се во рамки на првиот квартил наспроти оние чии резултати на себепочитување се во четвртиот квартил. Истите покажуваат дека македонските испитаници кои се со повисоко себепочитување, на факторот евалуација и потенција себе си се оценуваат попозитивно ($t(60)=2.951$ $p<0.01$ за факторот евалуација; $t(60)=2.065$ $p<0.05$ за факторот потенција). Македонците со ниско себепочитување, наспроти оние со високо оценуваат дека Албанците се попасивни ($t(60)=2.505$ $p<0.05$).

Добиените резултати делумно ја потврдуваат хипотезата (11) која претпостави дека средношколците од македонско етничко потекло кои имаат ниско себепочитување покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Албанци).

**Табела 2**. Значајност на разлики во етничките стереотипи на Македонците со ниско и високо себепочитување кон Македонците и кон Албанците

| Македонци | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **група** | **N** | **M** | **SD** | **t** | **p** |
| **Мак_ЕВАЛ** | долна | 31 | 2.99 | 0.94 | 2.951 | <0.01 |
| | горна | 31 | 2.34 | 0.78 | | |
| **Мак_ПОТ** | долна | 31 | 3.35 | 1.65 | 2.065 | <0.01 |
| | горна | 31 | 2.72 | 0.84 | | |
| **Мак-АКТ** | долна | 31 | 3.20 | 1.18 | 1.889 | >0.05 |
| | горна | 31 | 2.67 | 1.03 | | |
| **Алб_ЕВАЛ** | долна | 31 | 4.78 | 1.40 | 1.756 | >0.05 |
| | горна | 31 | 4.16 | 1.40 | | |
| **Алб_ПОТ** | долна | 31 | 3.61 | 1.62 | 1.431 | >0.05 |
| | горна | 31 | 3.07 | 1.45 | | |
| **Алб_АКТ** | долна | 31 | 3.73 | 1.46 | 2.505 | <0.05 |
| | горна | 31 | 2.89 | 1.18 | | |

df=60

Меѓу средношколците Албанци кои се разликуваат во нивото на себепочитување, не се утврдени статистички значајни разлики ниту во поглед на автостереотипите ниту во поглед на хетеростереотипите. Присутна е тенденција Албанците со повисоко себепочитување, во споредба со оние со пониско себепочитување, понегативно да ги оценуваат Македонците.

Можеме да заклучиме дека добиените резултати не ја потврдуваат хипотезата (1.2) која претпостави дека средношколците од албанско етничко потекло кои имаат ниско себепочитување покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Македонци).

Врз основа на резултатите од Табела 2 и Табела 3, хипотезата (1.3) која тврдеше дека средношколците од македонско и албанско етничко потекло кои имаат високо себепочитување покажуваат позитивни стереотипи кон својата етничка група, делумно се прифаќа.

**Табела 3.** Значајност на разлики во етничките стереотипи на Албанците со ниско и високо себепочитување кон Македонците и кон Албанците

| | Албанци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **група** | **N** | **M** | **SD** | **t** | **p** |
| **Мак_ЕВАЛ** | долна | 32 | 3.06 | 1.70 | 0.314 | >0.05 |
| | горна | 32 | 3.20 | 1.66 | | |
| **Мак_ПОТ** | долна | 32 | 3.96 | 1.63 | 0.035 | >0.05 |
| | горна | 32 | 3.98 | 1.58 | | |
| **Мак-АКТ** | долна | 32 | 3.72 | 1.70 | 0.234 | >0.05 |
| | горна | 32 | 3.82 | 1.46 | | |
| **Алб_ЕВАЛ** | долна | 32 | 1.76 | 0.67 | 0.222 | >0.05 |
| | горна | 32 | 1.72 | 0.58 | | |
| **Алб_ПОТ** | долна | 32 | 1.48 | 0.77 | 0.032 | >0.05 |
| | горна | 32 | 1.48 | 0.70 | | |
| **Алб_АКТ** | долна | 32 | 2.47 | 1.10 | 0.418 | >0.05 |
| | горна | 32 | 2.59 | 1.06 | | |

df=60

## Етничките стереотипи и себеприфаќањето

Од резултатите прикажани во Табела 4, се забележуваат разликите меѓу средношколците Македонци со различно ниво на себеприфаќање во однос на нивните стереотипи кон сопствената етничка група и кон Албанците. Тестирањето на разликите во нивото на себеприфаќање и етничките стереотипи е направено на средношколци чии резултати на себеприфаќање се во рамки на првиот квартил наспроти оние чии резултати се во четвртиот квартил. Истите покажуваат дека македонските испитаници кои се со повисоко себеприфаќање, на факторот евалуација и потенција себе си се оценуваат попозитивно ($t(60)=2.758$ $p<0.01$ за факторот евалуација; $t(60)=2.642$ $p<0.01$ за факторот потенција). Македонците со ниско себеприфаќање, наспроти оние со високо) оценуваат дека Албанците се попасивни ($t(60)=2.135$ $p<0.05$).

Добиените резултати делумно ја потврдуваат хипотезата (2.1) која претпостави дека средношколците од македонско етничко потекло кои имаат ниско себеприфаќање покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Албанци).

**Табела 4.** Значајност на разлики во етничките стереотипи на Македонците со ниско и високо себеприфаќање кон Македонците и кон Албанците

| Македонци | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | група | N | M | SD | t | p |
| **Мак_ЕВАЛ** | долна | 31 | 3.07 | 0.92 | 2.758 | <0.01 |
| | горна | 31 | 2.41 | 0.95 | | |
| **Мак_ПОТ** | долна | 31 | 3.50 | 1.53 | 2.642 | <0.01 |
| | горна | 31 | 2.61 | 1.02 | | |
| **Мак-АКТ** | долна | 31 | 3.21 | 1.28 | 1.500 | >0.05 |
| | горна | 31 | 2.74 | 1.12 | | |
| **Алб_ЕВАЛ** | долна | 31 | 4.62 | 1.40 | 0.133 | >0.05 |
| | горна | 31 | 4.67 | 1.63 | | |
| **Алб_ПОТ** | долна | 31 | 3.55 | 1.63 | 0.814 | >0.05 |
| | горна | 31 | 3.21 | 1.63 | | |
| **Алб_АКТ** | долна | 31 | 3.54 | 1.57 | 2.135 | <0.05 |
| | горна | 31 | 2.72 | 1.41 | | |

df=60

Меѓу средношколците Албанци кои се разликуваат во нивото на себеприфаќање, не се утврдени статистички значајни разлики ниту во поглед на автостереотипите ниту во поглед на хетеростереотипите. Присутна е тенденција Албанците со повисоко себеприфаќање, во споредба со оние со пониско себеприфаќање, понегативно да ги оценуваат Македонците.

Добиените резултати не ја потврдуваат хипотезата (2.2) која претпостави дека средношколците од албанско етничко потекло кои имаат ниско себеприфаќање покажуваат негативни стереотипи кон други етнички групи (Македонци).

**Табела 5.** Значајност на разлики во етничките стереотипи на Албанците со ниско и високо себеприфаќање кон Македонците и кон Албанците

| Албанци | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | група | N | M | SD | t | p |
| **Мак_ЕВАЛ** | долна | 32 | 2.77 | 1.45 | 0.871 | >0.05 |
| | горна | 32 | 3.12 | 1.53 | | |
| **Мак_ПОТ** | долна | 32 | 3.75 | 1.55 | 1.151 | >0.05 |
| | горна | 32 | 4.22 | 1.48 | | |
| **Мак-АКТ** | долна | 32 | 3.55 | 1.76 | 0.115 | >0.05 |
| | горна | 32 | 3.61 | 1.51 | | |
| **Алб_ЕВАЛ** | долна | 32 | 3.63 | 0.72 | 1.358 | >0.05 |
| | горна | 32 | 3.14 | 0.61 | | |
| **Алб_ПОТ** | долна | 32 | 1.52 | 0.89 | 1.134 | >0.05 |
| | горна | 32 | 1.30 | 0.40 | | |
| **Алб_АКТ** | долна | 32 | 2.58 | 1.32 | 1.080 | >0.05 |
| | горна | 32 | 2.25 | 0.86 | | |

df=60

Врз основа на резултатите од Табела 4 и Табела 5, хипотезата (2.3) која тврдеше дека средношколците од македонско и албанско етничко потекло кои имаат високо себеприфаќање покажуваат позитивни стереотипи кон својата етничка група, делумно се прифаќа.

## ДИСКУСИЈА

Во различни ситуации од секојдневниот живот, соопштуваме што доживуваме, ги оценуваме сопствените актуелни искуства и сознанија за поседување на релативно трајни особини. Секој човек има сопствено доживување на својата личност: на изгледот, на цртите, навиките, на карактеристичните начини на однесување, на одредени способности, вештини, знаења, убедувања, вредности, ставови и цели. Секој човек, исто така, има и сопствено доживување за сопствените односи со средината: кому му припаѓа и кој нему му припаѓа, какви објекти поседува, што од него се очекува, какво е неговото место во семејството, помеѓу врсниците, пријателите, професионалните соработници. Сите овие сознанија се интегрирани во еден посебен, автентичен и релативно траен психички ентитет – *сликата за себе.*

Емоционално-вредносните аспекти се важна карактеристика на организираноста на сликата за себе. Секој поединечен аспект на сликата за себе, како и сликата за себе во целина, имаат позитивна или негативна вредност. Колку пак вредноста на секој аспкет ќе влијае врз вредноста на општата слика за себе зависи од тоа колку тој аспект е важен за личноста. Воопшто земено, себепочитувањето и себеприфаќањето кај испитуваните средношколци се покажаа *релативно високи.* Но, интересно е да се истакне дека и кај македонските и кај албанските средношколци најниско себепочитување се јавува кога испитаниците себе си се вреднуваат во врска со училиштето (*јас како ученик*), нешто повисоко себепочитување покажуваат во врска со родителите, а највисоко со врсниците. Оваа состојба веројатно е продукт на социо-емоционалните релации на испитаниците во активностите што ги спроведуваат во училиштето, домот и на улицата или на местата каде што се забавуваат. Во врска со емоционално-вредносните аспекти, поголем број истражувања ја следат поврзаноста на сликата за себе со семејната клима и односите на адолесцентот со родителите, како и неговите интеракции со врсниците.

Во адолесцентниот период од животот, младите за прв пат интензивно почнуваат да се занимаваат со сопствениот психички живот: моралниот, сознајниот, комуникативниот, вклучувајќи ги емоционално-волевите димензии. За прв пат, тие си ги поставуваат прашањата за смислата на животот, за сопствената егзистенција и за

статусот во макро и микросредината. Овие емоционално-вредносни аспекти покрај тоа што се под влијание на генетските фактори, се детерминирани и од некои срединско-социјални фактори. Веројатно тие фактори се поповолни за Македонците и тие придонесуваат средношколците Македонци значајно да се разликуваат од средношколците Албанци во поглед на општото себепочитување, социјалното јас и себеприфаќањето.

Иако образованието во голема мера го одредува правецот во кој ќе се движи развојот на личноста, изгледа разумно да се очекува меѓу поединците кои се припадници на некоја вероисповест и кои го прифаќаат конкретното религиозно учење и доктрина, и поединците кои ги прифаќаат само научните закони и сознанија да постои разлика во однесувањето, верувањата, ставовите, вредностите. Бидејќи во спроведеното истражување се споредуваат наодите за две етнички групи со различна вероисповест, би било неправедно религиозната определба да се смета како ирелевантен фактор во формирањето на личноста.

Интересно е да се продискутираат наодите за поврзаноста меѓу етничките стереотипи кај средношколците од една страна и себепочитувањето и себеприфаќањето, од друга. Средношколците Македонци со различно ниво на себепочитување и себеприфаќање се разликуваат и во однос на нивните стереотипи кон Албанците. Македонците со повисоко изразени емоционално-вредносни аспекти од сликата за себе, на факторот евалуација и потенција себе си се оценуваат попозитивно во споредба со Македонците кои имаат ниско себепочитување и себеприфаќање. Воочлива е тенденцијата испитаниците со пониско себепочитување и себеприфаќање да ги оценуваат како попасивни припадниците од „другата“ етничка група.

Средношколците Албанци без оглед на разликите во нивото на себепочитување, не се разликуваат ниту во поглед на автостереотипите ниту во поглед на хетеростереотипите. Но, присутна е тенденција Албанците со повисоко себеприфаќање да имаат негативни стереотипи за Македонците.

Ставот на поединецот кон одделни свои особини, способности, зависи од тоа како тој се перцепира. Начинот на кој тој се доживува себе си е основа и за доживување на светот во кој живее, а од квалитетот на комуникацијата меѓу околината и особата ќе зависат и ставовите на поединецот кон себе и секако и неговото самопочиту-

вање. И покрај релативната трајност ставовите можат да се менуваат, особено кога настануваат промени во социјалната средина, кога поединецот се стекнува со нови информации и искуства.

Етничкиот идентитет и персоналната ориентација, кои беа предмет и на други истражувања (Кениг, 2003), претпоставија дека можен извор за варијации во етничкиот идентитет е и персоналната ориентација кон индивидуалистичкиот, односно колективистичкиот склоп на вредности.

(Рецензент: *проф. д-р Верица Стаменкова-Трајкова*)

## ЛИТЕРАТУРА


Asato, Y. (2002). ***The Effect of Self-Image Maintenance on Prejudice*** http://www.darkwing.uoregon.edu/~bfmalle/456/Asato.html

Brehm, S.S., Kassin, S.M. & Fein, S. (2002). ***Social Psychology***. Boston: Houghton Mifflin Company

Fein, S. & Spenser, S.J. (1997) ***Prejudice as Self-image Maintenance: Affirming the Self Through Derogating Others***. In Stangor, C. (ed.) Stereotypes and Prejudice: Essential Readings, 172-190, Edwards Brothers, Ann Arbor, MI, 2000

Кениг, Н. (2003) ***Етнички идентитет и персоналната ориентација: поврзаност меѓу димензијата колективизам-индивидуализам, вредну-вањето на етничките симболи и емпатискаta идентификација***. Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, Книга 56, 195-210.

Pennington, C.D.,(2001). Osnovi socijalne psihologije. Zagreb: Naklada slap.

Petroska-Beska, V., Popovski, M. & Kenig-Bogdanovska, N. (1998) Ethnic Stereotypes among future Pre-school and Primary-school teachers. Ethnic Conflict Resolution Project, Faculty of Philosophy, Skopje.

***Статистички податоци на Р. Македонија*** (2004). Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје.

Такашманова-Соколовска, Т. (1998). ***Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата.*** Скопје: Графохартија.

Sofija ARNAUDOVA

# EMOTIONALY-VALUABLE ASPECTS AND ETHNIDAL STEREOTYPES AMONG HIGH SCHOOL STUDENTS FROM MACEDONIAN AND ALBANIAN NATIONALITY

## Abstract

*The research has a goal to establish the linkness of the connection between ethnical stereotypes with emotional valuable aspects of self-concept (self-esteem and self-acceptance) among highschool students from Macedonian and Albanian nationality. The research has been done on convenient sample of 251 third year highschool students with Macedonian and Albanian ethnical background. All of the participants have been given the Osgood semantical differential for gathering data in relation to the ethnical stereotypes for eight ethnical groups and also a Coopersmith Self esteem Inventory and a Scale for measuring the degree of self-acceptance.*

*The data were processed with the statistical package SPSS-11 (Statistical Package for Social Sciences-11). Based on the acquired results the following conclusions have been drown:*

- *the high school students with Macedonian ethnical background that have higher self-esteem and self-acceptance display more expressive tendency for positive evaluation of their own and other ethnical groups (the Albanians).*
- *with the high school students with Albanian ethnical background regardless of the degree of self-esteem and of self-acceptance, there are no statistical significant differences regarding autostereotypes and heterostereotypes.*

***Kywords:*** *ETHNICAL STEREOTYPES, EMOTIONALY-VALUABLE ASPECTS, SELF-ACCEPTANCE, SELF-ESTEEM, ETHNICITY.*